**Панче АНДОВ**[1]

**УДК: 349.243:331.45(497.7)**

# ПРАВНИ ОСНОВИ СО КОИ СЕ РЕГУЛИРА МАТЕРИЈАТА ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Во трудот се настојува да се обработи правната димензија со која се регулира материјата од областа на безбедноста и здравје при работа во Република Македонија. Во првиот дел од трудот по воведниот дел и основните поими на оваа област се поаѓа од историскиот развој и потребата за регулирање на оваа област. Во вториот дел се утврдува и елаборира домашното и меѓународното законодаство, со кои се уредува материјата од областа на безбедност и здравје при работа од правен аспект.

**Клучни зборови**: *безбедност и здравје при работа, Закон за безбедност и здравје при работа, повреда на работа и професионално заболување*

**Panche ANDOV**

# LEGAL GROUNDS FOR REGULATION OF THE MATTERS IN THE FIELD OF SAFETY AND HEALTH AT WORK IN REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract:** This paper tends to handle the legal dimension by whixh the field of safety and health at work in the country is regulated. The first part of the paper, after the introduction and the basic concepts in this area, stems from the historical development and the need for regulation of this area. The second part sets and elaborates domestic and International legislation that govern matters related to safety and health at work legally.

**Keywords**: *Safety and health at work, Law on Safety and health at work, injury at work and occupational diseases*

## Вовед

Безбедноста и здравјето на вработените во Република Македонија е уставна категорија и едно од најважните начела на работните односи. Потребата за безбедност и здравје при работа се јавува со почетоците на производство. Како се развивало производството, односно техничко-технолошките процеси, сè поголема била потребата за безбедност и здравје при работа. Поточно кажано, потребата за безбедни услови за работа се

[1] Студент на втор циклус студии, Правен факултет - Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

јавила со пронаоѓањето на првото орудие. Како се развивала техниката и технологијата, така паралелно се јавувала потреба од преземање на нови, соодветни, безбедни услови и превентивни мерки и активности за заштита на работниците од повреди и професионални (заболувања) болести.

Човекот борејќи се за подобри услови за живот ги развивал орудијата за работа. На почетокот кога производството било, главно, рачно и опасностите и штетностите биле помали, а со тоа и повредите и професионалните заболувања. Со развојот на техничко-технолошките процеси, со зголемувањето на производството се зголемувале повредите (со смртни последици или инвалидитет) и професионалните заболувања, на тој начин се создавале противречности доколку паралелно не се развивале превентивните мерки за безбедност и здравје при работа. Ваквите противречности честопати доведувале до бунт против владетелот, односно штрајк против работодавачот.

## 1. Поим за безбедност и здравје при работа

Безбедност и здравје при работа како општествена активност се појавува во поново време. Се развива со настанувањето на капиталистичкото општество во кое се потиснува употребата на рачните алатки и мануфактурното производство со примена на механизирано сериско, автоматизирано, производство, а во денешно време и автоматизирано производство.

На почетокот безбедноста и здравјето при работа биле третирани само од технички аспект, а подоцна и од медицински аспект, како на минимално технички и хигиенски услови за работа. Во втората половина на 20 век дошло до развој на сфаќањата за безбедноста и здравје при работа, поимно определена како заштита при работа и истата била третирана од повеќе аспекти и нормативно уредувана.

*Заштита при работа (безбедност и здравје при работа) е збир на технички, здравствени, правни, психолошки, педагошки и други дејности со чија помош се откриваат и отстрануваат опасностите што го загрозуваат животот и здравјето на вработените на работа и утврдување на мерки, постапки и правила да се отстранат или намалат тие опасности*[2].

***Безбедноста и здравјето при работа се комплексни. За правилно да бидат сфатена потребно е да се има интердисциплинарен пристап (концепт) за успешно создавање на безбедни услови за работа и заштита на физичкиот, психичкиот и моралниот интегритет на вработениот.***

Денес за успешна заштита на вработените е потребно спроведување на сет превентивни мерки и активности за безбедност и здравје при работа

2) http://hr.wikipedia.org/wiki/Zaštita_na_radu

од следниве аспекти:
- правен,
- технички,
- медицински,
- социјален,
- економски и воспитен.

**Од правен аспект** гледано, често пати во трката за профит (од повеќе причини) работодавачот заборава на обврските што ги има спрема вработените и општеството во делот на безбедноста и здравјето при работа. Затоа општеството донесува прописи со кои нормативно ги уредува правата и обврските на работодавачите и вработените со донесување на закони и други прописи. Доколку работодавачот, правнот субјект, не ги применува пропишаните мерки за безбедност и здравје при работа, државниот апарат со својата принуда, преку органот на државната управа (трудовата инспекција) презема репресивни мерки за примена на мерките и средствата за безбедност и здравје при работа.

И во денешни услови кога станува збор за безбедност и здрвје при работа сè уште, главно, поголем број на граѓани мислат на техничкиот аспект, бидејќи има голема примена на користење на техничките средства имајќи ги предвид и последиците од повреди (и професионални заболувања) кои се ненадејни и со тешки последици по здравјето на вработените. Тешко можат да се набројат сите опасности и штетностите од технички аспект, имајќи предвид дека техничко-технолошките процеси секојдневно се менуваат со примена на нови научни методи и технологии во производството, а со тоа и мерките и средствата кои треба да се преземаат. Сепак, сметам дека е потребно да се споменат следните извори на опасности и штетности од **технички аспект**:
- на орудијата за работа (машините и уредите за работа, транспортните средства...);
- од несоодветни микроклиматски и физички извори на штетности (релативна влажност, температура, осветлување, прашина (чистота на воздухот), струење на воздухот, бучава, вибрации и електромагнетно зрачење);
- од пожар или експлозија;
- од техничко-технолошки несреќи итн.

**Од медицински аспект** за безбедност и здравје при работа се мисли на развојот на трудовата медицина, спроведување на претходни, периодични и насочени здравствени прегледи и следење на здравствената состојба на вработените. Секако дека со следење на здравствената состојба на вработените и технолошките процеси трудовата медицина согласно со своите научни достигнувања дава свои предлози и мислења за превенирање, отстранување (или намалување) на опасностите и

штетностите на определено работно место или во определена работна средина.

**Од социјален аспект**, пред сè, предвид треба да се земат односите во работната средина (односот помегу колегите, односот помегу претпоставен потчинет и односот помеѓу вработен и работодавач, односите по хоризонтално и вертикално ниво), условите на вработените надвор од работната средина (условите во кои живеат со семејството), обезбеден превоз (од дома до работа и назад), обезбеден топол оброк, услови за користење на дневен и годишен одмор.

**Од економски аспект** гледано секој работодавач, инвеститор, својот интерес го гледа во профитот. За таа цел само здрав работник може да биде продуктивен, односно здрав и мотивиран работник може да произведе квалитетен производ или да даде квалитетна услуга. Работодавачот за да има здрав и мотивиран работник неопходно е потребно да преземе превентивни мерки и активности за безбедност и здравје при работа. Мотивиран работник произведува квалитет и квантитет и дава квалитетни услуги. За да имаме мотивиран работник, работодавачот треба истиот соодветно да го награди со плата и други надоместоци кои му следуваат. Доколку во производниот процес има работници со повреди и(ли) професионални заболувања ќе има отсуства од работа и трошоци за работодавачот кој за завршување на работата ќе мора да ангажира други работници. Згора на тоа, во секое време не може да се најде работник со потребните квалификации.

**Од воспитен аспект** се гледа правилно користење на опремата за работа и односот спрема неа. Подигање на свеста и кај работодавачот и кај работникот. На тој начин се избегнува настанување на оштетувања (дефекти) на опремата за работа, а со тоа прекини во производството. Воедно се намалува можноста од настанување на повреди на работа и непотребно губење на работни денови и создавање на непотребни трошоци. Обучен и стручен работник правилно ги користи орудијата за работа и на тој начин истите се во постојана работна кондиција.

Со интердисциплинарен пристап (концепт) се подобруваат безбедноста и здравјето при работа на вработените и добросостојбата на луѓето, вклучени во процесот на работата. Истовремено се заштитуваат работодавачите од непредвидени и неконтролирани економски и материјални загуби.

Денес нашето општество, безбедноста и здравјето при работа ги одредува како неопходна потреба, пред сè, да дејствува со превентивни мерки и средства за безбедно извршување на работните задачи на вработените, соодветни на опасностите и штетностите на нивното работно место, со примена на современи технички, социјални, здравствени, нормативни, економски, воспитни, организациски и други мерки кои

влијаат на безбедна работна средина, од страна на работодавачот под контрола (и репресивни мерки) на трудовата инспекција. За сето ова да најде своја примена донесени се повеќе закони и подзаконски прописи кои ја регулираат оваа материја од повеќе аспекти.

2. **Цели за донесување (и спроведување) на правна основа која ќе ја регулира материјата од областа на безебедност и здравје при работа**

Здравјето на работниците (и воопшто на луѓето) претставува највисока цел на секое развиено социјално и правно регулирано општество. Здрав работник е работникот кој има добра здравствена состојба, земајќи ја предвид неговата физичка, ментална и социјална состојба. За да се задржи добрата физичка, ментална и социјална состојба кај вработениот односно унапреди безбедноста и здравје при работа потребно е да се преземат превентивни мерки и активности. За да се спроведат превентивни мерки и активности за безбедност и здравје при работа неопходно е потребно да се донесе правна основа за нивно спроведување со предвидени репресивни мерки доколку истите не се почитуваат од одредени поединци или групи. Корист од правно регулирање на оваа материја освен вработените ќе имаат и работодавачите, бидејќи само здрав и мотивиран работник може да биде продуктивен во услови на пазарна економија и квалитено производство односно услуга.

3. **Историски развој на правните основи (прописи) со кои се регулира безебедноста и здравје при работа**

Во робовладетелското општество не може да стане збор за безбедност и здравје при работа, бидејќи работата ја извршувале робовите, а тие биле сметани како алатка за работа (во приватна сопственост на робовладетелот), која може да се купи и продаде. Па затоа и не може да стане збор за правно регулирање на безбедноста и здравје при работа во тоа време.

Иако во феудалното општество било укинато ропството, положбата на работниците во делот на безбедноста и здравје при работа не била променета. Имајќи го предвид фактот дека феудалецот, земјопоседникот, со земјата де факто ги поседувал и луѓето кои живееле на таа земја. Тие биле во зависна положба спрема феудалците и нивниот меѓусебен однос не се темелел на некој *договор за наем на работна сила,* туку се уредувал врз основа на сопственоста што земјопоседникот ја имал врз земјата, на која работел кметот, за која бил врзан и која не можел да ја напушти без согласност на феудалецот[3].

[3] Андон Мајхошев, Војо Беловски, Трудово право (авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2013, Штип, стр. 21-22

Според податоците до кои се дојдени во истражувањето при изработката на трудот е констатирано дека развојот на безбедноста и здравје при работа (во робовладетелското и феудалното општество) се сметал како дел од граѓанското право. Грижата за безбедност и здравје при работа почнува да се воспоставува со развојот на трудовото право во 19 век и тоа најпрво во западноевропските (индустриски развиени) земји: Англија, Германија и Франција и др. Причина за развој на трудовото право во делот на безбедноста и здравје при работа биле, пред сѐ, големиот број на повреди на работа со телесни повреди (со настанување на инвалидитет и смртни случаи) и професионални заболувања поради неприменување на мерки за безбедност. Како последица на тоа се развивала свеста кај работниците кои почнале да се самоорганизираат (во синдикати) и на различни начини да бараат подобри услови за работа. Основна цел за развојот на трудовото право во оваа област била потребата за нормативно уредување на безбедноста и здравје при работа и остварување на социјален мир.

### 3.1. Развој на правната основа со која се регулираат безбедноста и здравјето при работа во Англија

Англија како една од најразвиените земји во 19 век е првата држава во која почнува да се развива трудовото право во областа на безбедност и здравје при работа. Така во 1802 година е донесен Закон за заштита на децата[4], во 1833 година е донесен Законот за работно време, а истата година била воведена трудова инспекција[5]. Вториот правен пропис во Англија е донесен во 1819 година, со кој се укинува ноќната работа за деца и забранува работа за деца помлади од девет години. Потоа во 1832 година бил донесен Закон за ограничување на работното време на 12 часа за сите вработени работници. Лорд Ашли во 1844 година издал наредба дека сите делови со трансмисија на машините мораат да бидат заштитени[6]. Во 1844 година бил донесен Закон за работа на жените и децата. А во 1883 година бил донесен Закон за трудовата инспекција[7]. Закон за осигурување во случај на болест и повреда на работа бил донесен во 1897 година. За да се обезбеди примена на овие прописи на работа и во текот на работата во претпријатијата се поставувале >Safety Officer< (референт на службата за заштита при работа), за вршење на контрола на примената на законските прописи од областа на безбедноста и здравје при работа и организирање на

4) Андон Мајхошев, Војо Беловски, Трудово право (авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2013, Штип, стр. 23

5) Ќазим Аговиќ, „Заштита на раду" прво издание, Привредни преглед Београд, 1976, стр. 33 - 36

6) Ќазим Аговиќ, „Заштита на раду" прво издание, Привредни преглед Београд, 1976, стр. 33

7) Ќазим Аговиќ, „Заштита на раду" прво издание, Привредни преглед Београд, 1976, стр. 34

безбедноста и здравјето во претпријатието[8]. Во 1833 година бил донесен Законот за работното време чие траење изнесувало од 8 до 12 часа во текот на денот, во зависност од возраста на вработените лица. Во 1847 година бил донесен Законот за десетчасовно работно време, а во 1907 година Законот за осумчасовно работно време[9].

### 3.2. Развој на правната основа со која се регулираат безбедноста и здравјето при работа во Германија

Во Германија во 1839 година е донесена Уредба за заштита на младите работници, истата година била формирана и инспекциска служба за контрола на примената на наведената Уредба. Санитарните инспекции во фабриките започнале да се формираат во 1845 година. Во 1871 година бил донесен *Законот за работно време на жените* - 11 часа во текот на денот, а во саботите 8 часа. Со Законот од 1918 година траењето е ограничено на 8 часа во текот на денот[10]. Развојот на безбедноста и здравје при работа во Германија ја карактеризира донесувањето на првиот Закон за осигурување во случај на болест во 1883 година, а една година потоа бил донесен и Законот за осигурување во случај на повреда на работа[11].

### 3.3. Развој на правната основа со која се регулираат безбедноста и здравјето при работа во Франција

Во Франција, безбедноста и здравје при работа се развива слично како во Англија и во Германија. Така во 1841 година бил донесен Законот за ограничување на работното време на жените и децата. Во 1874 година била воспоставена служба за трудовата инспекција. Останатите прописи во областа на безбедност и здравје при работа биле донесени во 1893 година. Тоа биле првите (вистински) прописи од областа на безбедност и здравје при работа по името >Хигиена при работа во производството<. Со овој Закон била дадена предност на колективнините мерки за безбедност и здравје при работа над индивидуалните. Со одредбите на овој Закон и прописите донесени врз негова основа обврзувачки настанале сите пропишани мерки за безбедност и здравје при работа кои се однесувале на работните простории, машините, уредите, микроклиматските услови и останатото со цел опасностите на кои работниците биле изложени да бидат отстранети или доколоку не можат да се отстранат нивното влијание

8) Ќазим Аговиќ, „Заштита на раду” прво издание, Привредни преглед Београд, 1976, стр. 35

9) Андон Мајхошев, Војо Беловски, Трудово право (авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 2013, Штип, стр. 23

10) Андон Мајхошев, Војо Беловски, Трудово право (авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 2013, Штип, стр. 23

11) Ќазим Аговиќ, „Заштита на раду” - прво издание, Привредни преглед Београд, 1976, стр. 36

да биде намалено[12].

**3.4. Развој на правната основа со која се регулираат безбедноста и здравјето при работа во Белгија**

Во 1810 година во Белгија бил донесен Закон за рудниците, топилниците и одредени занаетчиско-преработувачки претпријатија, а потоа прописи за инспекцискиот систем и прописи за заштита на јавноста од опасни, нечисти и нездрави претпријатија[13].

**3.5. Развој на правната основа со која се регулираат безбедноста и здравјето при работа во Македонија и Република Македонија**

Во Македонија сè до 1913 година, кога била под власт на Отоманската Империја, не постоел ниту еден пропис кој ја регулирал безбедноста и здравје при работа. Мал напредок во развојот на безбедноста и здравје при работа во Македонија настанал (кога била во склоп на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците) во 1922 година, кога биле донесени Законот за осигурување на работниците, Законот за инспекција на трудот и други прописи од областа на безбедноста и здравје при работа[14]. По завршувањето на Втората светска војна во Федеративна Народна Република Југославија (а со тоа и во Народна Република Македонија) во 1946 година се формирало Сојузно министерство за труд кое ја презело надлежноста за безбедност и здравје при работа. Во склоп на тоа Министерството биле формирани одделенија за инспекција на трудот. Инспекторите за труд покрај останатото дејноста ја спроведувале преку следните методи на работа:

- Репресивна дејност во сите производни организации и приватни занаетчиски работилници;
- Студиско изучување на предмет за заштита при работа и следење на достигнувањата од оваа област во другите земји во светот;
- Редовна посета на производните организации за воочување на пропусти и недостатоци, непосредно давање на сугестии и решенија за преземање на мерки за отстранување на констатираните пропусти од областа на безбедност и здравје при работа;
- Технички и статистички студии за повреди на работа односно за нивните извори, причини и последици,
- Ширење на пропаганди за безбедност и здравје при работа и делување

12) Ќазим Аговиќ, „Заштита на раду” - прво издание, Привредни преглед Београд, 1976, стр. 46-47

13) Ќазим Аговиќ, „Заштита на раду” - прво издание, Привредни преглед Београд, 1976, стр. 62

14) Ќазим Аговиќ, „Заштита на раду” - прво издание, Привредни преглед Београд, 1976, стр. 74

на воспитување и образување на работниците[15].

Во Уставот на ФНРЈ од 1946 година се содржани низа основни принципи кои служеле како извор и како основа за најважните прашања од областа на работните односи (меѓу кои и за безбедност и здравје при работа), но поблиску тие односи се уредувале со подзаконски акти: Уредба за засновање и престанок на работниот однос од 1948 година; Уредба за заштита на бремените жени и мајки во работен однос од истата година; Уредба за дисциплинска и материјална одговорност на работниците од 1949 година и други. Исто така, биле донесени мал број законски прописи од областа на работните односи, како на пример Законот за државните службеници од 1946 година, кој се однесува на посебна категорија лица; Законот за инспекција на трудот од 1946 година, Законот за решавање на работните спорови од 1945 година; Законот за социјално осигурување од 1946 година итн. Паралелно со сојузното законодавство, работните односи постепено станувале предмет на уредување и на републичкото односно покраинското трудово законодавство. Така и во законодавството на Социјалистичка Република Македонија (како составен дел на СФРЈ) се одвивал процес на постепено изедначување на правната регулатива на работните односи и на положбата на вработените лица во стопанските организации и во државните служби (за работниците и јавните службеници)[16].

Во СР Македонија во 1973 година е донесен Законот за заштита при работа („Сл. весник на СРМ" број 45/73 и 20/74), кој де факто е првиот закон (кој дава правна основа) со кој се регулира материјата од областа на безбедност и здравје при работа во Македонија. Во 1987 година СР Македонија донесува нов Закон за заштита при работа („Сл. весник на СРМ" број 17/87, 51/88, 23/90 и 11/94).

Во самостојна и независна Република Македонија во 1998 година е донесен Закон за заштита при работа („Сл. весник на СРМ" број 13/98, 33/00 и 29/02).

Во 2007 година е пристапено кон усогласување на законодаството на Република Македонија со законодаството на Европската Унија во делот на безбедноста и здравје при работа, следејќи ги препораките од одредбите содржани во Директивата на Советот на ЕУ 89/391/ЕЕЦ од 12.6.1989 година. За таа цел е донесен Законот за безбедост и здравје при работа („Сл. весник на на РМ" број 92/07). Во одредбите на овој Закон се внесени одредени новини следејќи ги насоките (одредбите) од Директивата на Советот на ЕУ 89/391/ЕЕЦ кои до тогаш не беа регулирани и тоа:

15) Ќазим Аговиќ, „Заштита на раду" - прво издание, Привредни преглед Београд, 1976, стр. 78-79

16) Андон Мајхошев, Војо Беловски, Трудово право (авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2013, Штип, стр. 27

- дефинирани се поимите кои се споменуваат во Законот;
- изготвување и спроведување на изјава за безбедност и здравје при работа врз основа на проценка на ризик за секое работно место;
- стручно лице на безбедност и здравје при работа;
- овластено стручно лице на безбедност и здравје при работа и
- воведување на институтот Национален совет за безбедност и здравје при работа.

**4. Правни прописи за безбедност и здравје при работа во Република Македонија**

**4.1. Домашни правни прописи, кои се применуваат за регулирање на материјата од областа на безбедност и здравје при работа во Република Македонија**

Безбедноста и здравје при работа во Република Македонија се остварува согласно со Уставот на Република Македонија (член 32, 35, 37 и 39) и следните закони и подзаконски акти:

- *Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. весник на РМ“ број 92/07, 136/11, 23/13, 25/13,164/13, 158/14, 15/15, 129/15 и 30/16);*
- *Закон за инспекција на трудот („Сл. весник на РМ“ број 35/97, 29/02, 36/11, 164/13 и 147/15);*
- *Закон за работни односи („Сл. весник на РМ“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 120/11, 10/12, 11/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16);*
- *Закон за техничка инспекција („Сл. весник на РМ“ број 88/08,119/10, 36/11 и 136/11, 164/13, 41/14, 33/15 и 61/15);*
- *Закон за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“ број 93/12, 55/13, 41/14, 158/14, 129/15 и 193/2015);*
- *Закон за општа управна постапка („Сл. весник на РМ“ број 38/05, 110/08 и 51/2011);*
- *Закон за хемикалии („Сл. весник на РМ“ број 154/2010 и 53/2011);*
- *Закон за складирање и заштита од запални течности и гасови („Сл. весник на РМ“ број 15/76, 51/88,19/90, 12/93, 66/07, 130/08 и 148/15);*
- *Закон за заштита од експлозивни материи („Сл. весник на РМ“ број 04/78, 51/88, 36/90, 12/93, 66/07, 84/08, 135/11 и 148/15);*
- *Закон за животна средина („Сл. весник на РМ“ број 53/05, 81/05, 24/07 и 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15);*
- *Закон за пензиско и инвалидско осигурување („Сл. весник на РМ“ број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97,14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15147/15, 154/15, 173/15, 217/15 и 27/16);*
- *Закон за здравствено осигурување („Сл. весник на РМ“ број 25/00,*

*96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 97/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15 и 37/16)*

- *Закон за здравствена заштита („Сл. весник на РМ" број 43/12,* 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15 и 192/15 *и 37/16);*
- *Закон за заштита од пушење („Сл. весник на РМ" број* 36/95, 70/2003, 29/2004, 37/2005, 103/2008, 140/2008, 35/10, 100/11 и 157/13*);*
- *Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Сл. весник на РМ" број 140/*10, 47/11, 148/11, 39/12 и 163/13*);*
- *Кривичен законик („Сл. весник на РМ" број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/11, 166/12, 55/13, 82/13, 27/14);*
- *Закон за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11);*
- *Правилник за начинот на бодување на првиот дел (теоретски дел) и на вториот дел (практичен пример) на стручен испит за безбедност при работа;*
- *Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистар за издадени уверенија за положен испит за безбедност при работа;*
- *Правилник за формата и содржината на прекршочниот патен налог;*
- *Правилник за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа;*
- *Правилник за личната заштитна опрема која вработните ја употребуваат при работа;*
- *Правилник за безбедност и здравје при работа при употреба на опрема за работа;*
- *Правилник за знаци за безбедност и здравје при работа;*
- *Правилник за начинот на водење евиденција во областа на безбедност и здравје при работа;*
- *Правилник за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од бучава;*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа за привремени мобилни градилишта;*
- *Правилник за условите за вработените, организацијата, техничките и другите услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи;*
- *Правилник за условите, начинот и програмата за полагање стручен*

*испит за безбедност при работа;*

- *Правилник за начинот на изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова проценката на ризикот;*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на вработените на работниот простор;*
- *Правилник за безбедност и здравје при работа при рачно пренесување на товар;*
- *Правилник за мерки за заштита при работа со екрани;*
- *Правилник за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од механички вибрации;*
- *Правилник за формата и содржината на образецот за известување за започнување со вршење на дејност;*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на вработените кои се потенцијално изложени на ризик од експлозивни атмосфери;*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на вработените од ризиците поврзани со изложување на азбест при работа;*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложеност на биолошки агенси;*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на канцерогени, мутагени или супстанци токсични за репродуктивниот систем;*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанци;*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат;*
- *Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденција за спроведување на едукација;*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени во индустријата за вадење на минерали со бушење;*
- *Правилник за стручно усовршување на стручни лица од областа на безбедност при работа;*
- *Правилник за висината на трошоците за издавање на дозвола за вршење на стручни работи и полагање на стручен испит за*

*безбедност при работа;*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на младите работници;*
- *Правилник за начинот на бодувањето на активното и пасивното учество во обуките за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа и формата и образецот на потврдата за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување;*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на физички агенси (електромагнетни полиња);*
- *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените на рибарски бродови;*
- *Правилник за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа;*
- *Тарифник за висината на трошоците за полагање на стручниот испит за безбедност при работа;*
- *Уредба за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените.*

Со донесувањето на **Законот за безбедност и здравје при работа** („Сл. весник на РМ" бр. 92/07), Република Македонија се приближи со Европското законодавство имплементирајки ја Директивата 89/391 ЕЕЦ, а со тоа направи голем исчекор во квалитативна и квантитативна смисла, подигање на безбедноста и здравје при работа на повисоко ниво. Особено битно за истакнување е воведувањето на: Изјава за безбедност и здравје при работа (како обврска на работодавачот да изготви и спроведе изјава за безбедност и здравје при работа врз основа на проценка на ризик за секое работно место), стручно лице за безбедност и здравје при работа, овлатено стручно лице за безбедност и здравје при работа, Национален совет за безбедност и здравје при работа, едукација на работодавачите од страна на инспекторот за труд и воедно ги дефинира поимите кои се среќаваат во Законот за безбедност и здравје при работа.

**Изјава за безбедност** е документ кој ги опишува карактеристиките на работниот процес и содржи идентификација на опасностите и процена на ризикот за безбедноста и здравјето на работното место и пропишува соодветни мерки за заштита.

Националниот **совет за безбедност и здравје при работа** во Република Македонија е трипартитна институција со рамноправно учество на претставници на власта, синдикатот и работодавачите. Вкупно има 15 членови. Улогата на Националниот совет за безбедност и здравје при работа е да ја следи состојбата од областа на безбедност и здравје при работа, да делува советодавно за спречување и намалување на повредите на работно место и професионални болести, да дава предлози и мислења за

изработка на нови правни акти и(ли) нивни изменувања и(ли) дополнувања на правни прописи со кои се регулира безбедност и здравје при работа.

**Стручно лице** за безбедност при работа е вработено стручно лице кај работодавачот назначено од него за извршување стручни задачи поврзани со безбедноста при работа (во натамошниот текст: стручно лице).

<u>**Законот за безбедност и здравје при работа**</u> („Сл. весник на РМ“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13,164/13, 158/14, 15/15, 129/15 и 30/16), имајќи ги предвид и одлуките на Уставниот суд од 7.7.2010 година, 29.6.2011 година, 3.10.2011 година и 2.5.2012 година ги утврдува превентивните мерките и активностите насочени кон подобрување на безбедноста и здравјето на вработените, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените, како и превентивните мерки против професионални ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и преземањето на мерки за безбедност и здравје при работа.

Во Законот за безбедност и здравје при работа како основен принцип е превенција на повреди на работа и професионални болести.

***Врз основа на Законот за безбедност и здравје при работа <u>работодавачот</u>, покрај општите и другите обврски, потребно е <u>да ги преземе следните мерки:</u>***

- Изготвување на концепт на **изјава за безбедност**, во писмена форма, за секое работно место; идентификација на опасностите, проценка на ризиците по безбедноста и здравјето на работното место и во работната средина во зависност од технолошкиот процес, мерки што треба да се преземат за обезбедување безбедност и здравје при работа, определување начин на обезбедување безбедност и здравје при работа, презентирање на изјавата пред вработените.
- Да назначи **стручно лице за безбедност и здравје при работа** (со дефинирани обврски во член 19 во кој се утврдени неговите примарни обврски).
- За вршење на стручни задачи да ангажира овластена здравствена установа.
- Доколку преземените превентивни мерки за безбедност и здравје се недоволни, односно ако и понатаму постојат ризици од настанување на повреда или професионално заболување, работодавачот во консултации со стручното лице за безбедност и здравје при работа обезбедува лична заштитна опрема.
- Изготвување **инструкции и упатства за безбедност и здравје**, и предупредувања и знаци за опасност за опремата за работа и средствата за работа и нивно истакнување на работното место и на опремата и средствата за работа.

- Донесување **безбедносни мерки против пожар**, определување мерки за заштита од пожар земајќи го предвид технолошкиот процес, материјалите кои се користат при работа, начинот на работа, складирање на материјалите, големината на објектот, со цел намалување на најмала можна мерка на опасноста по безбедноста и здравјето на вработените и другите присутни лица.
- Изготвување на сопствена **програма за обука** и спроведување обука на вработените и безбедно извршување на работата.
- Извршување на **повремени прегледи и испитување** на работната средина и опремата.
- Утврдување **план за евакуација и спасување** во случај на вонредна ситуација, организирање и обезбедување евакуација, спасување и прва помош во случај на вонредна ситуација (елементарна непогода, пожари, експлозии, испуштање на опасни материи над дозволените граници и слично), која може да ги загрози безбедноста и здравјето на вработените, во зависност од природата на процесот на работа, и спроведување на практични вежби.
- Изготвување **упатства и писмени известувања за информирање** на вработените за безбедно извршување на работите.
- Изготвување **упатство за запирање на работата**, брзо напуштање на работното место и евакуација на безбеден просотор во случај на непосредна сериозна и неизбежна опасност.
- Изготвување **информација на вработените** за секој вид на ризик на работното место, како и за безбедносните мерки потребни за контрола на ризиците и елиминирање на штетните последици.
- Утврдување **задолжителни, редовни, теоретски и практични испити** за безбедно извршување на работата, за сите вработени на работното место каде што е констатирана зголемена опасност од повреда и нарушување на здравјето, при процена на ризикот.
- Обезбедување **обука на вработените** за безбедно извршување на работите, безбедност и здравје при работа; при вработување, преместување на ново работно место, воведување нова технологија или нови средства за работа, измена на работниот процес и слично.
- Проверување и повремени **прегледи и испитувања** на исправноста и безбедноста за работа на средствата за работа.
- Испитување на **хемиските, биолошките и физичките штетности**, **микроклимата и осветленоста** во работните и помошните простории, во кои се одвиваат технолошките процеси.
- Склучување **договори со други правни субјекти**, специјализирани за давање услуги.
- **Известување** на надлежниот орган **за започнување со вршење на дејност**.

- **Известување** на надлежниот орган **за започнување со градежни работи** и за местото каде што се изведуваат работите.
- Водење **евиденција за БЗР**: стручно обучување и оспособување на вработените за безбедна работа, извршените прегледи на средствата за работа, спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките штетности и на микроклимата во работните и помошните простории, односно на работните места, претходните и периодичните здравствени прегледи на вработените, професионалните болести, заболувањата во врска со работата, повредите при работа и смртните случаи при работа.

***<u>Обврски на стручното лице за безбедност и здравје при работа:</u>***

- советување на работодавачот за планирање, избор, купување и одржување на средствата за работа;
- советување на работодавачот за опремување на работното место и работна средина;
- изготвување на стручна основа за изјавата за безбедност;
- вршење на внатрешен надзор над спроведувањето на мерките за безбедно извршување на работата;
- изработка на упатства за безбедно извршување на работата;
- следење и анализа на повредите поврзани со работењето, професионалните болести, идентификација на причините за истите и подготовка на извештаи за работодавачот, заедно со сите предложени мерки.

Погоре наведените обврски се однесуваат на стручното лице за безбедност за безбедност и здравје при работа вработено кај работодавачот.

Обврските:

- изготвување на изјава за безбедност и проценка на ризик;
- вршење на редовни и контролни прегледи на хемиските, физичките или биолошките ризици во работната средина;
- вршење на редовни и контролни прегледи и испитувања на работната опрема и
- подготовка на програма и спроведување обуки на вработените за безбедно извршување на работата, ги извршува овластено стручно лице за безбеднос**т и здравје при работа.**

**Примарни обврски на овластената здравствена установа** во зависност од видот на дејноста што ја врши работодавачот, како и од видот и нивото на ризикот од повреди или нарушување на здравјето односно професионални болести при работа се:

- вршење превентивни здравствени прегледи на вработените во согласност со посебни прописи;
- обезбедување на медицински услуги за вработените со професионални болести;

- организирање и обезбедување прва помош на вработените во случај на повреда на работно место или колективна несреќа;
- утврдување и проучување на причините за инвалидност и професионални болести во врска со работењето и повреди при работа, предлагање на соодветни безбедносни мерки и мерки за лекување, учество во извршувањето на соодветна професионална рехабилитација и консултација за изборот на посоодветни работни задачи;
- давање предлози и мерки на работодавачот за заштита на здравјето на вработените кои се изложени на голема опасност од повреда или нарушување на здравјето;
- водење на евиденција и прибирање на податоци за здравјето на вработените во согласност со посебните прописи;
- учество во секоја процена на ризиците, безбедноста и здравјето на работното место и на работната средина и
- да ги запознава вработените со ризиците кои се поврзани со нивната работа, нивното работно место и вршење на едукација.

Во Законот за безбедност и здравје при работа, освен обврските на работодавачот и стручното лице, се утврдуваат определени права и обврски на вработните. Едно од суштинските права е да имаат свој претставник за безбедност и здравје при работа. Работодавачот е должен на претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа да му овозможи непречено вршење на неговата функција, преку обезбедување на соодветно време и потребни средства без намалување на платата, при што не смее да го стави во неповолна состојба поради неговите активности.

Претставникот на вработените за БЗР има право и обврска:

- да ги обиколи работните места поради согледување на состојбата во врска со безбедноста при работа;
- да разговара со работодавачот за потребите и проблемите на безбедност и здравје при работа;
- да ја извести инспекцијата на трудот за нејзино посредување, да присуствува при вршење надзор на надлежна инспекција во врска со безбедноста и здравје при работа;
- да побара од работодавачот информации и да има пристап до изјавите за процена за безбедноста и извештаите што се обврска на работодавачот и други документи во врска со планирањето и уредувањето на безбедноста и здравјето при работа.

Претставникот има право на посебна обука за безбедност и здравје при работа, специфична за дејноста на работодавачот под услови предвидени со колективен договор.

**<u>Законот за работни односи</u>** („Сл. весник на РМ“ бр. 62/05, *106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 120/11, 10/12, 11/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16*) во делот на безбедност и здравје при работа утврдува права на работникот независно од тоа дали истиот е работно ангажиран на определено или неопределено време. Притоа за одредени категории на работници утврдува посебни права и тоа:

**Посебна заштита на работниците кои сè уште не наполниле 18-годишна возраст**

- На работниците кои не наполниле 18 години работодавачот не смее да им наложи да вршат тешки физички работи, работи под земја или под вода, работи со извори на јонизирачко зрачење и други работи опасни по здравјето и развојот.
- Работното време на работниците кои не наполниле 18 години не смее да биде подолго од 8 часа дневно и 40 часа неделно.
- Ако овај работник работи најмалку 4,5 часа дневно има право на пауза од најмалку 30 минути.
- Ваквиот работник има право на одмор меѓу два дена во траење од најмалку 24 последователни часа.
- Работник кој не наполнил 18 години не смее да работи ноќе меѓу 22.00 и 6.00 часот, освен (во исклучок) во случај на виша сила кога таквата работа трае определено време и мора да биде извршена, а полнолетните работници не се на располагање, при што на малолетните работници мора да им биде обезбеден одмор во наредните 3 дена.
- Во ваквите случаи работодавецот мора да обезбеди надзор од полнолетен работник.
- Работник кој не наполнил 18 години има право на годишен одмор зголемен за 7 работни дена.

**Права на инвалидите на трудот**

- На работникот-инвалид со преостаната или променета работна способност, работодавачот е должен да му обезбеди вршење на друга соодветна работа, со пократко работно време, која одговара на неговата работна способност, како и соодветен надомест на плата, во согласност со прописите на пензиското и инвалидското осигурување.
- На работник кај кого постои опасност од настанување на инвалидност, работодавачот му обезбедува друга соодветна работа и соодветен надомест на плата.

**Работниците повозрасни од 57 години жени и 59 години мажи уживаат посебна заштита.**

На повозрасниот работник, работодавецот, без согласност на работникот, не смее да му одреди прекувремена или ноќна работа.

**Посебна заштита на жената**

- Работничките не смеат да вршат подземни работи во рудниците, освен ако се раководни лица, водат работни единици и имаат овластувања за самостојни полноважни одлуки; кои поради стучно образование мораат одредено време на пракса да поминат на подземни работи во рудниците; или кои се вработени во здравствени или социјални служби и други случаи, кога мораат да одат на подземни работи заради вршење на работи кои не се физички.
- Овие работнички имаат посебна заштита во работниот однос. Работодавачот е должен на овие работнички да им овозможи полесно усогласување на семејните и професионалните обврски.
- За време на бременост и една година по породувањето работничка не смее да врши работи со зголемена опасност по нејзиното здравје или здравјето на детето.
- Работодавачот не смее да бара податоци за бременоста од работничката, освен ако самата не ги доставува заради остварување на правата од бременост.
- Ако работничка врши работа за време на бременост која може штетно да влијае на нејзиното здравје или здравјето на детето, работодавачот е должен да ѝ обезбеди вршење на друга соодветна работа и плата, како да ја вршела претходната работа, ако тоа за неа е поволно.
- За време на бременост или со дете до една година, работничката не смее да врши прекувремена работа или да работи ноќе.
- На работничка која има дете од 1 до 3 години може да и се наложи прекувремена или ноќна работа само по нејзина писмена согласност.
- Ваквите прва ги има работникот-татко на детето доколку тоа нема мајка, го напуштила детето или е неспособна за самостојно живеење и работа.
- На еден од работниците-родители кои имаат дете помало од 7 години или тешко болно дете, дете со телесен и душевен недостаток и кој живее сам со детето, може да му се наложи да врши прекувремена работа или работа ноќе само по негова писмена согласност.
- Работничка за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство девет месеци непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш, една година.
- Врз основа на наод, отсуството може да започне 45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓањето.
- Работничката што посвојува дете има право на отсуство до наполнување на девет месеци на детето, а доколку посвоила повеќе деца - една година и платено отсуство за времетраењето на периодот за адаптација на детето.

- Работничка која користи отсуство, ако сака може да се врати на работа пред истекот на отсуството, при што покрај правото на плата има право и на надомест на плата за отсуството во висина од 50%.
- Доколку отсутвото од работа за родителство не го користи работничката, правото го користи таткото или посвоителот на детето.
- Ако работничка роди мртво дете или ако детето умре пред истекот на отсуството, има право да го продолжи отсуството за време според наод на лекар, за да може да закрепне од раѓањето и од психичката состојба од губење на детето, а најмалку 45 дена, при што ѝ припаѓаат сите права по основа на отсуство за бременост, раѓање и родителство, и надомест за плата според прописите за здравствената заштита.
- Во вакви случаи, еден од родителите има право да работи со половина од полното работно време ако двајцата родители се во работен однос или ако родителот е самохран, врз основа на наод ако детето не е сместено во социјално здравствена установа.
- Скратеното работно време се смета како полно работно време.
- Работник кој користи отсуство поради бременост, раѓање или родителство, отсуство за нега и заштита на дете, има право на надомест на плата согласно со прописите.
- Работничката која го дои детето и по истекот на отсуството ќе започне да работи со полно работно време има право на платена пауза во текот на работното време 1,5 часа дневно во кое време се засметува и дневната пауза.
- Ова право го има и работничката до наполнета 1 година на детето.

**<u>Закон за пензинско и инвалидско осигурување</u>** *(„Сл. весник на РМ" број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97,14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15147/15, 154/15, 173/15, 217/15 и 27/16)* ги уредува правата од задолжително пензиско и инвалидско осигурување на работниците во работен однос и на физичките лица кои вршат дејност, како и посебните услови под кои одделни категории на осигуреници ги остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Законот (за осигурениците) покрај другите права дава определени права поврзани со безбедноста и здравјето при работа во случај на инвалидност и намалување или губење на работната способност и тоа:

**Работодавачот е должен на вработениот кај кој е утврден инвалидитет да му даде друга соодветна работа.**

Друга соодветна работа се смета работата која осигуреникот е способен да ја врши со скратено или полно работно време, при што не ќе се влошува неговата здравствена состојба.

**Вработениот (осигуреникот) врз основа на преостаната работна способност има право на работа со скратено работно време, распоредување на друга соодветна работа, преквалификација и доквалификација.**

- Право да работи на својата работа или на друга работа, со работно време кое одговара на неговата преостаната работна способност, но не помалку од половина на полното работно време.
- Ако не може да ја врши својата работа со полно ниту со помалку од полно работно време, а е способен да врши друга работа, има право на распоредување на друго соодветно работно место.
- Има право на преквалификација или доквалификација ако без тоа не може да се распореди на друго работно место и ако според состојбата на инвалидоста може да се оспособи за друга соодветна работа. Ова право се остварува до навршени 50 години живот за маж и 45 за жена, која може ова право да го остварува до 50 години. Преквалификацијата и доквалификацијата се вршат со практична работа под општи услови, кај работодавецот или во соодветни организации. Ако инвалидите на трудот не можат да се преквалификуваат или доквалификуваат под општите услови, тогаш тоа се врши под посебни услови.
- Поради навршување на одредени години на живот не може со преквалификација или доквалификација да се оспособи за вршење на друга соодветна работа може да се стекне со право на инвалидска пензија (под одредени услови предвидени во член 63 од Законот).

### 4.2. Меѓународни правни прописи, кои наоѓаат примена во Република Македонија

Меѓународните правни прописи во делот безбедност и здравје при работа имаат значајно место и улога во Република Македонија. Безбедноста и здравјето при работа во Република Македонија освен Уставот на Република Македонија и погоре наведени закони и подзаконски прописи во примена се и ратификуваните меѓународни прописи. Станува збор за голем број меѓународни прописи (документи) од оваа област, а како позначајни ги издвоивме Акти на Меѓународната организација на труд и Акти на  Европската Унија.

Меѓународната организација на трудот (МОТ) е специјализирана агенција на Обединетите нации која се занимава со прашањата поврзани со трудовата проблематика. Нејзиното седиште е во Женева. Идејата за Меѓународната организација на трудот се јавува при крајот на 19 век, а е создадена во Париз во 1919 година во состав на Лигата на народите. Во 1946 година Меѓународната организација на трудот станува прва специјализирана агенција на Обединетите нации. МОТ е единствената „трипартитна" агенција на Обединетите нации што ги спојува претставниците на владите,

работодавачите и работниците, со цел заедничко креирање на политиките и програмите на трудовата проблематика.

**Акти на Меѓународната организација на труд (МОТ)**

- Конвенција бр.16 за медицинско испитување на младите лица;
- Конвенција бр. 17 за надомест на работниците при повреда на работа;
- Конвенција бр. 18 за надомест на работниците (заболување на работното место);
- Конвенција за еднаков третман (надомест во случај на несреќи);
- Конвенција бр. 24 за осигурување во случај на болест (во индустријата);
- Конвенција бр. 25 за осигурување во случај на болест (во земјоделството);
- Конвенцијата бр. 32 за заштита од несреќи;
- Конвенција бр. 81 за трудова инспекција;
- Конвенција бр.102 за социјална сигурност;
- Конвенција бр. 121 за бенефиции поради повреда при работа;
- Конвенција бр.148 за работна средина (загадување на воздух, бучава, вибрации);
- Конвенцијата бр. 155 за безбедност и здравје при работа;
- Конвенција бр. 161 за служби за заштита на здравјето при работа.

Од погоре наведената ја издвојуваме **Меѓународната конвенција бр. 155 на МОТ за безбедност и здравје при работа** усвоена на 67. седница на Генералното собрание на МОТ на 22.6.1981 година, а стапи во сила на 11.8.1983 година. Оваа Конвенција е ратификувана од страна на Собранието на РМ во 1991 година, а тоа подразбира дека одредбите на Конвенцијата се дел од нашето работно законодавство. Значен дел од одредбите на наведената Конвенција се имплементирани во Законот за безбедност и здравје при работа („Сл. весник на РМ“ бр. 92/07).

Според член 4 од Конвенцијата секоја членка, поаѓајќи од националните услови и практики, а во консултација со најголем дел од претставниците на организациите на работодавачите и работниците (репрезентативните синдикати) треба да формулира, имплементира и периодично да ревидира кохерентна национална политика за безбедност и здравје. Ова подразбира дека секоја држава-членка на МОТ што ја ратификувала наведената Конвенција треба да усвои Национална политика (програма) за безбедност и здравје. Во тој контекст, како главна цел на таквата политика треба да биде заштитата од несреќи и повреди на здравјето чиешто настанување е поврзано со работното место, преку смалување на ризиците поврзани со работното опкружување во разумни граници[17].

17) Андон Мајхошев, Војо Беловски, Трудово право (авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 2013, Штип, стр. 179-180

**Акти на Европската Унија (ЕУ)**

– Директива на ЕУ 89/655/ЕЕС;
– Директива на 89/391/ЕЕС за воведување на мерки за поттикнување на подобрување на безбедноста и здравје на работниците на работа;
– Стратегија на ЕУ во областа на безбедноста и здравјето при работа 2002 – 2006 година.

Од сите горенаведени акти на ЕУ би ја издвоиле Директивата бр. 83/391 од 16.6.1989 година која се фундира врз член 118А ги уредува општите принципи кои продуцираат низа други препораки од оваа сфера. Оваа рамковна Директива има за цел да ги подобри безбедноста и здравјето на работниците што работат. Таа ги утврдува општите принципи кои се систематизирани во два вида и тоа: акција против ризиците (евалуација, елиминација, превенција, адаптација кон техничката еволуција), како и општите обврски на работодавачите и работниците во однос на здравјето и безбедноста на работното место.

Од горенаведените правни инструменти на ЕУ можеме да констатираме дека нормативно оваа сфера е релативно добро нормативно регулирана што претставува добра основа за правно регулирање на оваа проблематика и на национално ниво на државите-членки на ЕУ, како и на државите-кандидати за членство во ЕУ[18].

**Заклучок**

Потребата за донесување на правни прописи од областа на безбедност и здравје при работа се појавува со потребата од спроведување на превентивни мерки за безбедност уште на почеток кога се започнало со производство. Донесувањето на првите прописи се јавиле како нужна потреба поради зголемениот број на повреди на работа (со сериозни последици по здравјето на работниците и смртни случаи) и професионални заболувања, а за преземање на конкретни превентивни мерки се немало доволно разбирање и свест од страна на работодавачите, сметајќи дека ако некој работник се повреди или загине ќе биде заменет со друг работник. Воедно се развила свеста дека безбедноста и здравјето при работа треба да се институционизира на ниво на едно општество (држава) во кое ќе се предвидат репресивни мерки и начинот на нивно спроведување, извршување.

На почетокот безбедноста и здравјето при работа се сфатени само од технички аспект. Подоцна безбедноста и здравјето при работа се обработувани и од медицински аспект. Па така кон крајот на 19 и почетокот на 20 век безбедноста и здравјето при работа биле третирани како хигиено-техничка заштита, па затоа во тоа време биле донесувани прописи кои ги

18) Андон Мајхошев, Вօјо Беловски, Трудово право (авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2013, Штип, стр. 181

обработуваат само овие два аспекти. Посебен придонес за подобрување на условите за работа е донесување на прописи од областа на безбедност и здравје при работа има развојот на трудовото право. Од тие причини во тој период безбедноста и здравјето при работа почнале да се сметаат како дел од трудовото право. За разлика од претходно кога безбедноста и здравјето при работа биле третирани како дел од граѓанското право.

Со развојот на меѓународното трудово право, пред сè, со создавањето на Меѓународната организација на трудот, безбедноста и здравјето при работа се сфатени како комплексна материја и дека треба да се приоѓа од повеќе аспекти и да има интердисплинарен (пристап) концепт. Во таа насока од страна на Меѓународната организација на трудот биле донесени повеќе конвенции. По донесувањето на меѓународни прописи во втората половина на 20 век безбедноста и здравјето при работа добиваат свој развој. Уште тогаш безбедноста и здравјето при работа биле сфатена како комплексна материја (поимно заштита при работа, тогаш била третирана од технички, медицински и социјален аспект) и потребата од донесување на прописи кои оваа материја нормативно ќе биде регулирана.

Во Република Македонија безбедноста и здравјето се уставна категорија.

Република Македонија, имајќи ги предвид меѓународните акти, пред сè, Директивата на ЕУ број 83/391 од 12.6.1989 година за подобрување на состојбата за безбедност и здравје при работа и усогласување на домашното законодавство со законодаството на ЕУ, во 2007 година го донесе Законот за безбедност и здравје при работа, а потоа направи измени и дополнувања („Сл. весник на РМ“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13,164/13, 158/14, 15/15, 129/15 и 30/16).

Со донесувањето на Законот за безбедност и здравје при работа престана да важи претходниот Закон за заштита при работа („Сл. весник на СРМ” број 13/98, 33/00 и 29/02). Со новиот Закон во 2007 година и со неговите измени и дополнувања се внесени промени со кои за безбедноста и здравјето при работа беше направен голем исчекор во квалитативна и квантитавна смисла, безбедноста и здравје при работа се подигнати на повисоко ниво. Особено со воведувањето на: Изјава за безбедност и здравје при работа врз основа на проценка на ризик за секое работно место, стручно лице за безбедност и здравје при работа, овлатено стручно лице за безбедност и здравје при работа, Национален совет за безбедност и здравје при работа, едукација на работодавачите од страна на инспекторот за труд и воедно ги дефинира поимите кои се среќаваат во Законот за безбедност и здравје при работа.

При донесување на Законот за безбедност и здравје при работа во 2007 година се направени и некои пропусти. Во Законот беше изоставен синдикатот како еден од основните чинители за безбедност и здравје

при работа. Во 2014 година, со измените во Законот, законодавецот ја исправи грешката и синдикатот го внесе како еден од основните чинители за безбедност и здравје при работа. Во Законот за безбедност и здравје при работа и во неговите измени и дополнувања („Сл. весник на РМ“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13,164/13, 158/14, 15/15, 129/15 и 30/16) како општ правен акт не е прецизно утврдена (ниту пак со подазконски акт уредена) улогата и постапката на стручните лица за безбеднсост и здравје при работа и на претставникот за безбедност и здравје при работа во случај на повреда на работното место. Законодавецот при донесување на Законот односно со внесувањето на одредбите од член 2 во истиот (и неговите измени и дополнувња во 2011 година) надвор од опсегот на делување (и овластување) на органот на државната управа од областа на трудот ги стави вооружените сили, полицијата, силите за заштита и спасување и царинската управа. Можеби законодавецот сметал дека со внесување на оваа одредба ќе биде донесен посебен пропис (посебни прописи) со кој поблиско и на повисоко ниво ќе бидат утврдени безбедноста и здравјето при работа, но досега тоа не се случило. На овој начин безбедноста и здравјето при работа кај овие дејности (субјекти) останаа сѐ уште правно неуредени.

Во извештаите на Советот на ЕУ за напредокот на ЕУ е забележан напредокот на Република Македонија во областа на безбедност и здравје при работа, но и критиките дека не се донесени сите потребни подзаконски акти и дека е потребно зајакнување на капацитетот на инспекторатот за труд (БЗР), кадровски и материјално.

Врз основа на погоре искажаното констатиравме и сметаме дека во Република Македонија постои добра правна основа за регулирање на безбедноста и здравје при работа, за заштита на физичкиот интегритет на вработените.

Воедно сме на мислење дека не постои соодветна (прецизен) правна основа со која во доволна мера ќе се регулираат безбедноста и здравјето при работа за заштита на моралниот и психичкиот интегритет. Потребно е да се продолжи со донесување на подзаконски прописи од оваа област во кои конкретно ке се внесат одредби за заштита на моралниот и психичкиот интегритет на вработените.

**Користена литература**

Бенџамин О Али, Основни принципи за здравје и безбедност при работа, второ издание, Женева

Андон Мајхошев, Војо Беловски, Трудово право (авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, 2013, Штип

Јаков Милутиновиќ, Организација заштите на раду, Универзитет у Нишу, 1982, 2 издание, Ниш

Закон за безбедност и здравје при работа („*Сл. весник на РМ“ број 92/07, 136/11, 23/13, 25/13,164/13, 158/14, 15/15, 129/15 и 30/16)*

Закон за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“ број 93/12)

Закон за пензиско и инвалидско осигурување *(„Сл. весник на РМ“ број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97,14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15147/15, 154/15, 173/15, 217/15 и 27/16 )*

Закон за работни односи *(*„Сл. весник на РМ“ *број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 120/11, 10/12, 11/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16)*

Ќазим Аговиќ, Заштита на раду, Привредни преглед прво издание, Београд, 1976, Београд,

Весна Николиќ, Теорија и организација образовања за заштиту, Универзитет у Нишу, 2012, Ниш

<http://hr.wikipedia.org/wiki/Zaštita_na_radu> прочитано на 28.3.2016 година